ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ВОДИЧ ЗА ИНВЕСТИТОРИ

## ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

***Ако проговорите со јазикот на великодушноста, срдечноста и толерантноста, тогаш сте го пронашле вистинското место – ГЕВЕЛИЈА.***

***Македонија во срцето, Европа во душата.***

***Гевгелија е порта за ново пријателство и партнерство.***

***Гевгелија секогаш може да понуди повеќе од тоа што го очекувате, затоа што гевгелиското гостопримство е топлина која извира од вековната традиција.***

***Некогаш град - крстосница низ кој минувале трговците од Европа, денес Гевгелија е модерна, европска, зелена општина.***

***(м-р Сашо Поцков, градоначалник на општина Гевгелија)***

***Стопанството во Гевгелија почнува да се развива со јакнењетои проширувањето на трговскитеи сообраќајните врски.***

***Во 1823 годинабила изградена железничката пруга Гевгелија-Солун.***

***Во градот никнуваат бројни занаетчиски дуќани, а биле изградени 9 филанди (свиларници) за точење на свила.***

***По откупените свилени кожурци, до 1милион оки годишно, Гевгелија се наоѓала на второ место,веднаш зад Солун.***

***Во 1898 година во Гевгелија е отворена првата фабрика за точење свилен конец.***

***Во градот доаѓаат трговци од Солун, Цариград, Франција, Италија и другите европски земји.***

***Стопанството се обидува да го следи модерниот производствен процес, благодарејќи на соработката со странските партнери, кои за поквалитетен и побрз начин на производство користат модерни производни линии.***

***Во 1909 започнала изградбата на првата шесткатна зграда со два магацина за обработка на тутун. Во неа се складирал тутунот од гевгелиско - валандовската котлина.***

***Во Гевгелија се подигнати неколку хотели и бројни анови крај реката Вардар.***

***Уште од дамнини, а особено денес, интересот на гевгелиската економија е свртен кон потикнување и насочување на странскиот капитал кон овој регион, како и создавање на услови за поголем извоз.***

## Локација

*Општина Гевгелија е лоцирана во југоисточниот дел на Република Македонија.*

*Градот Гевгелија се наоѓа на 156 км оддалеченост од главниот град на РМ Скопје и на 70 км од Солун, во соседна Грција..*

*Општина Гевгелија се протега на 486,5 $km^2$*

*Во општина Гевгелија, според пописот од 2002 година,22.988 жители.*

*Од вкупно 84 општини во РМ, според бројот на жителите, општина Гевгелија се наоѓа на 24 место.*

*Во поширокиот регион на општина Гевгелија живеат304596 граѓани.*

*Национална структура на населението во општината*

| Етнички групи | % | Население |
|---|---|---|
| *Македонци* | **96,77** | **22.320** |
| *Албанци* | **0,03** | **8** |
| *Бошњаци* | **0,02** | **5** |
| *Роми* | **0,08** | **18** |
| *Срби* | **1,61** | **372** |
| *Турци* | **0,15** | **34** |
| *Власи* | **0,93** | **214** |
| *Останати* | **0,41** | **93** |

## *Инвестициона околина*-Економија и индустрија

**Индустриската структура во општина Гевгелија:**

| | *СЕКТОРИ НА ДЕЈНОСТ* | *Број на деловни субјекти* | *Во %* | *Вра-ботени* | *Во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Примарен сектор** | | ***37*** | ***8.39*** | ***387*** | ***5.45*** |
| 1 | Земјоделство, лов и шумарство | 37 | *8.39* | 387 | 5.45 |
| **Секундарен сектор** | | ***161*** | ***36.50*** | ***3687*** | ***51.90*** |
| 3 | Преработувачка индустрија | 86 | *19.50* | 2805 | 39.48 |
| 4 | Снабдување со електрична енергија, гас и вода | 2 | *0.45* | 89 | 1.25 |
| 5 | Градежништво | 16 | *3.63* | 190 | 2.68 |
| 6 | Сообраќај, складирање и врски | 57 | *12.92* | 603 | 8.49 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Терцијален сектор** | | ***223*** | ***50.57*** | ***2974*** | ***41.86*** |
| 7 | Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и за домаќинства | 115 | *26.08* | 496 | 6.98 |
| 8 | Хотели и ресторани | 15 | *3.40* | 733 | 10.32 |
| 9 | Финансиско посредување | 11 | 2.49 | 78 | 1.10 |
| 10 | Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 12 | 2.72 | 89 | 1.25 |
| 11 | Јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита | 20 | 4.54 | 494 | 6.95 |
| 12 | Образование | 8 | 1.81 | 265 | 3.73 |
| 13 | Здравство и социјална работа | 22 | 4.99 | 636 | 8.95 |
| 14 | Други комунални, културни, општи и лични услужни активности | 20 | 4.54 | 183 | 2.58 |
| **ВКУПНО** | | ***421*** | ***95,46*** | ***7058*** | ***99.21*** |
| 17 | Некласифицирани по дејност (непозната дејност) | 20 | 4.54 | 56 | 0.79 |
| **ВКУПНО:** | | ***441*** | ***100*** | ***7104*** | ***100*** |

***Бруто домашен производ*** *6.953.870.000,00 денари.*

***Вредност на извозот*** *51.116.408,57$ или 41.221.122,86€.*

*(за 2007 година според Државниот завод за статистика)*

***11223*** *жители во општината се економски активни.*

***Стапката на невработеност*** *во општината е 24,74 %.*

*Во општина Гевгелија активно работат* ***70 компании со повеќе од 20 вработени.***

## Главни индустриски гранки

- *Текстилна индустрија;*
- *Прехранбена индустрија;*
- *Металопреработувачка индустрија и*
- *Индустрија за пластични маси.*
-

## Постоечки странски директни инвестиции

| |
|---|
| Во општина се регистрирани 20 фирми од странски инвеститори |

| **Име на фирмата** | **Држава** | **Име на фирмата** | **Држава** |
|---|---|---|---|
| *Корона интернационал* | *Шведска* | *Мем-вочар* | *Црна Гора* |
| *Зорбас* | *Грција* | *Мелтиадис Лазарос* | *Грција* |
| *Макотен* | *Србија-Австрија* | *Еуропорта* | *Грција* |
| *Принцес* | *Турција* | *Енди-сис ДООЕЛ* | *Грција* |
| *Коттон-текстил* | *Грција* | *П & Д* | *Грција* |
| *Ена-комерц* | *Грција* | *Меркјури* | *Грција* |
| *С.К.С. ДОО* | *Грција* | *А& Б Пласт* | *Грција* |
| *Тема Јоанис* | *Грција* | *Сукцес Брокерс* | *Грција* |
| *Аполо* | *Грција* | *Мелиза* | *Грција* |

## Инвестициони погодности
## Локални інвестициони стимулации за привлекување на странски инвеститори

### *КЛИМАТСКИ УСЛОВИ*

*Просечната годишна температура изнесува 14,5$^0$C.*

*Најстудениот месец е јануари со просечна температура од 3,2$^0$C, најтопол месец е јули со просечна температура од 25,7$^0$C.*

*Средната годишна минимална температура изнесува 8,1$^0$C, средната годишна максимална 20,3$^0$C.*

*Амплитудата на средните екстреми изнесува 12,2$^0$C.*

### *ХИДРОЛОШКИ УСЛОВИ*

*Просечната годишна сума на врнежи во општина Гевгелија изнесува 745,2мм. Распоредот на врнежите не е рамномерен. Најголеми количини има во есен (221мм), а потоа во зима (218мм), во пролет (178мм), а најмалку во лето (100мм).*

*Просечниот број на денови со снежни врнежи изнесува 8,3 денови.*

*Просечниот влажност изнесува 71-72%, во зима 81-82%, а во лето се спушта до 56%.*

*Маглите во просторот на општината се ретка појава.*

*Просечниот број на денови со магла изнесува16,4. Маглите се јавуваат во есенските и зимските месеци, а најизразени се во декември со 3,3 денови. Најизразени се ветровите Вардарец и Југ. Вардарецот се јавува од северен, а Југ од југоисточен правец.*

## ГЕОГРАФСКИ УСЛОВИ

*Гевгелија е влезот и излезот на Македонија во Европа. Најјужно од државата, на границата меѓу медитеранската и континенталната клима, градот претставува вистинска разгледница на сообраќајната фреквенција на јужниот транзитен коридор. Просторно-функционалната положба му дава на овој регион можност за рационално и ефикасно поврзување на Западна Европа со Источниот Медитеран и Блискиот Исток, што пак овозможува посредничка транзитна улога и вклучување на домашни стопански капацитети во европските интеграциони процеси.*

*Во системот на транс-европските автопатишта едно од најзначајните места го зазема автопатот Север - Југ, кој својата почетна точка ја има во Хелсинки, но главната патна врска почнува од Гдањск (Полска), поминува низ Гевгелија, а завршува на крајниот југ во Република Грција.*

## ИСТОРИСКИ ФАКТИ

*Старите хроники бележат дека Гевгелија како град почнала да се развива уште од средината на XIX век, кога населението од овие краеви ја почуствувала потребата за создавањена современа населба која ќе им пркоси на минувачите - трговци и ќе биде домаќин на нивните патувања кон Блискиот Исток со многубројни анови. Во тој временски период, реката Вардар иако пловна, не можела да го задоволи транспортот на стока, па така во 1874 година доаѓа до изградба на железничката линија Солун - Скопје која исто така помагала за побрз развој на градот.*

*Вистински градски лик Гевгелија добила во 1886 година, кога во административно - управен поглед станала средиште на посебна каза - Гевгелиска.*

*Од овој временски период многу земјоделски производи кои успевале тука, благодарејќи на поволната клима и плодното земјиште се извезувале преку солунското пристаниште. Меѓутоа стопанскиот развој на Гевгелија се претпочита во периодот од 1860 до 1912 година кога се развило манифактурното и индустриското производство, а градот познат како град "од станица до граница" ќе биде уште попознат со многубројните занаетчиски дуќани: чевларски, коларски, столарски, самарџиски, кројачки . . .*

*Би требало да се истакне дека свиларство и одгледувањето на свилена буба во Гевгелија било главно занимање од средината на XIX век до поново време.*

*Денес еден век подоцна, Гевгелија е современ град со 15.685 жители, главно Македонци.*

## ДЕМОГРАФСКИ ФАКТИ

*Бројот на жители во општина Гевгелија изнесува 22.988, што на површина од 485,25 км$^2$, дава густина од 47,37 жители на км$^2$, а тоа е значително помалку од густината на населеност во Република Македонија.*

***Движење на вкупниот број на жители според расположливите податоци***

| **Година** | **1880** | **1890** | **1912** | **1925** | **1930** | **1948** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | 1940 | / | / | / | / | 21416 |
| **Град** | / | 5188 | 2792 | 3500 | 5011 | 4967 |

| **Година** | **1953** | **1961** | **1981** | **1991** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | 22364 | 24419 | 31814 | 35002 | 35031 | 22988 |
| **Град** | 5777 | 7332 | 9410 | 15041 | 14974 | 15685 |

*Стапката на пораст ја означува динамиката на раст на населението во градот и општината низ набљудуваниот период. Од горните анализи може да се заклучи дека и двете стапки се во пораст, но трендот на растот на градското население е многу побрз во однос на вкупното население во општината.*

***Стапка на пораст на населението***

| **Година** | **1948** | **1948/53** | **1953/61** | **1961/81** | **1981/91** | **1991/94** | **1994/2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | 1,00 | 1,04 | 1,09 | 1,30 | 1,10 | 0,56[1] | 1.07 |
| **Град** | 1,00 | 1,11 | 1,27 | 1,28 | 1,60 | 0,99 | 1.05 |

*Растот и на двете категории е евидентен до 1981 година, а по тој период настапува опаѓање.*

***Издвоена стапка на раст за општина Гевгелија***

| **Општина Гевгелија** | **Попис 1994** | **Попис 2002** | **Прираст (реален)** | **Прираст (во %)** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 22267 | 22988 | 721 | **3.23** |

| **Општина Гевгелија** | **Попис 1994** | **Попис 2002** | **Прираст (реален)** | **Прираст (во %)** |
|---|---|---|---|---|
| **Мажи** | 11112 | 11420 | 308 | **2.77** |
| **Жени** | 11155 | 11568 | 413 | **3.70** |
| **Вкупно** | 22267 | 22988 | 721 | **3.23** |

*Од табелата се забележува дека женската популација бележи поголем прираст,*

[1] Драстичната промена на стапката на раст е резултат на територијалната организација во Република Македонија, во 1996, кога од Гевгелија се издвоија 3 нови општини.

## Приход

Бруто приход по глава на жител 6050 EUR

## Бизнис клима

- Данок на имот 0.1% (олеснување за 50% во однос на максималната стапка од 0.2)%;
- Данок на промет на недвижнини 3% (олеснување за 25% во однос на максималната стапка од 4%);
- Надоместок за уредување на градежно земјиште за индустриско производни објекти 500 денари/м$^2$ нето корисна површина и за деловни објекти (канцеларии) во рамките на индустриско производните објекти 1250 денари/м$^2$ нето корисна површина што е 20% односно 50% од максималната цена;

Останатите се во согласност законските фискални олеснувања и финансиски погодности кои важат на целата територија на Република Македонија.